2

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ-ВЕЛЕС**

**ул.Вардарска бб, 1400 Велес**
**Република Северна Македонија**
**Тел.: +389 (0) 43 212 442**
**Факс: +389 (0) 43 212 441**
**web: www.jpv-lisice.mk**

# ИНСТРУКЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на опасен отпад

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ЈПВ Лисиче-Велес има потреба од избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на опасен отпад.

## II. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик се **отпадни хидраулични масла** со минерално потекло**,** користени при работењето на хидрауличните агрегати во објектите на Брана Лисиче: Излезна градба, Водозафатна кула и Хавариска затворачница, како и отпадот од пакување (амбалажниот отпад) – празни пластични туби со волумен од 10 литра, во кои дел од хидраулините масла се доставени до ЈПВ Лисиче-Велес.

Браната со придружни објекти Лисиче е оддалечена 25км од Велес, а патната инфраструктура овозможува непречено движење на патни и товарни возила.

Заинтересираните правни лица можат да се обратат за сите дополнителни информации на лицето за контакт означено во Јавниот повик.

Отпадните масла и амбалажниот отпад, предмет на јавниот повик, по вид и количина, се опишани во Табела, која е во прилог на Јавниот повик.

Составен дел од Јавниот повик е и Табелата, во која се специфицирани видот и количините на отпадните масла и отпадот од пакување (амабалажниот отпад).

Вкупната количина на отпадните масла е околу 1.400 литри, а вкупниот број на пластични туби е 24 (?).

Избраното правно лице е должно преземањето да го изврши од објектите на Брана Лисиче, која се наоѓа на оддалеченост од 25км од градот Велес.

Избраното правно лице е должно преземањето да го изврши најдоцна до 31.12.2021 година.

Избраното правно лице е должно да обезбеди и потребен број на лица за извршување на утоварот, како и да поседува евентуално потребни средства за извршување на утоварот.

При постапката на преземање на отпадните масла, избраното правно лице не смее да дозволи било какво нивно истекување или ослободување на нивни остатоци, а во текот на целокупното постапување со отпадните масла е должно да ги почитува и применува законските прописи од областа на управувањето со отпад, посебно на *Правилникот за постапките и начинот на собирање, трасnпортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците* (,,Сл.весник на Република Македонија'' бр.156 од 26.12.2007г.) и *Правилникот за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад* (,,Сл.весник бр.15 од 30.01.2008г.).

Транспортот на отпадните масла избраното правно лице е должно да го изврши на безбеден начин, без да ги загрози животната средина и здравјето на луѓето.

Со избраното правно лице ќе се склучи договор, во кој ќе бидат уредени правата и обврските на двете договорни страни.

Составен дел на постапката е и изработката, пополнувањето и заверката на законски предвидените Транспортен и Идентификационен формулар.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

**Критериумите** според кои ќе се изврши изборот на правно лице се следниве:

- Највисока цена по единица количина (денари/литар) отпадни масла која избраното правно лице ќе ја плати на ЈПВ Лисиче-Велес и
- Најниска цена по единица тежина (денари/ килограм) за пластичната амбалажа која ЈПВ Лисиче-Велес треба да ја плати на избраното правно лице.
  Цените да бидат изразени во денари, без ДДВ од 18%.

По пресметката на понудените цени и количините на отпадни масла и пластичната амбалажа, ќе се утврди најповолната понуда, која ќе биде претставена како разлика помеѓу вкупната цена која правното лице ќе ја плати за преземање на отпадните масла и вкупната цена која правното лице бара да му биде платена од страна на ЈПВ Лисиче-Велес при преземањето на пластичната амбалажа (отпадот од пакување).

Зантересираните правни лица потребно е да ја пополнат табелата: Финансиска понуда од Прилогот бр.4.

Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 дена.

Доколку е пристигната само една пријава за учество од едно правно лице, ЈПВ Лисиче-Велес ќе изврши избор на тоа правно лице.

## IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење на дејноста предмет на јавниот повик односно правни лица кои вршат дејност или поседуваат дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на опасен отпад.

**Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следниве:**

- Способност за вршење на дејност
  - ДРД образец за регистрирана дејност
  - Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на опасен отпад издадена од надлежен орган.

- Техничка и професионална способност
  - Изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик.
  - Изјава дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик.

Документите за способност за вршење на професионална дејност, како и техничка и професионална способност се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот".

Доколку избраното правно лице се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договор ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

## V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во административниот објект на ЈПВ Лисиче-Велес на ул:Вардарска бб во Велес.

Лице за контакт во врска со јавниот повик е Антоанета Стојанова, тел за контакт 072 321 283, e-mail: jpvlisice_lab@yahoo.com.

## VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Краен рок за доставување на пријава за учество е **24.11 .2021 година до 10:00 часот.**

Пријавите се поднесуваат:

- по пошта на следнава адреса ЈПВ Лисиче-Велес, ул:Вардарска бб, 1400 Велес или
- директно во архивата на ЈПВ Лисиче-Велес,на ул:Вардарска бб во Велес

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета. Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите кон неа во затворен коверт.

Пример како треба да изгледа предната страна на затворениот коверт за правните лица кои ќе поднесуваат пријава за учество на јавниот повик преку пошта или директно во архивата на ЈПВ Лисиче-Велес:

| | |
|---|---|
| **„Не отворај“** | **За јавен повик<br>за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на опасен отпад** |
| **ЈПВ Лисиче-Велес<br>Ул:Вардарска бб<br>Велес** | |

## VII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

ЈПВ Лисиче-Велес по истекот на 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на опасен отпад и кое ќе изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик, ќе го извести во писмена форма избраното правно лице. Истовремено, ЈПВ Лисиче-Велес ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

ЈПВ Лисиче-Велес ќе склучи договор со едно или повеќе правни лица кои поднеле пријава за учество за преземање на движните ствари и кои ги исполнуваат условите наведени во јавниот повик.

## VIII. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ ПО СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Правното лице со кое ЈПВ Лисиче-Велес ќе склучи договор е должно да изврши преземање на движните ствари предмет на јавниот повик од наведената локација и истите да ги транспортира на соодветен начин, согласно законските прописи.

ЈПВ Лисиче-Велес и избраното правно лице се должни да извршат записничко примопредавање на движните ствари предмет на јавниот повик

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

***Прилог 1*: Табела**

**ЛИСТА НА ОТПАДНИ МАСЛА**

| **Р.б.** | **Вид / Опис** | **Количина** | **Година на извршена/ планирана замена на маслата од хидрауличните агрегати** | **Забелешка/Локација** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Хидраулично масло од агрегати | 820 литри (4 буриња по 205 l) | 2019 и 2020 година | Објект: Излезна градба на Брана Лисиче-Велес |
| 2. | Хидраулично масло од агрегати | 600-650 литри | 2021 година | Објект: Водозафатна кула на Брана Лисиче-Велес |
| 3. | Пакувања од отпадни хидраулични масла од 10 литри (пластични туби) | 22+2 Пластични туби | 2019 и 2020 година | Објект: Излезна градба на Брана Лисиче-Велес |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

*Прилог 2:*

## ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

.______________________________________________________________.
(Правно лице, архивски број, датум и место)

Во врска со јавниот повик, објавен од страна на ЈПВ Лисиче-Велес за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за соборање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, ја поднесуваме следнава пријава за учество:

I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Име на правно лице: ______________________________________________

2. Контакт информации

- Адреса: ______________________________________________________
- Телефон: _____________________________________________________
- Факс: ________________________________________________________
- Е-пошта: _____________________________________________________
-
- Лице за контакт: ___________________________________________

(лице кое ке биде задолжено за реализација)

3. Одговорно лице: ____________________________________________

4. Даночен број: ______________________________________________

5. Матичен број ______________________________________________

**Со поднесувањето на оваа пријава за учество, изјавуваме дека рокот во кој ќе извршиме преземање на движните ствари предмет на јавниот повик изнесува _________________денови (од денот на склучување на договорот).**

Исто така, со поднесување на оваа пријава за учество во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот повик и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката.

Одговорно лице во правното лице

-------------------------------------

(име, презиме и потпис)

*Пријавата за учество ја потпишува одговорно лице на правното лице

*Прилог 3:*

## ФИНАНСИСКА ПОНУДА

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | Назив | Назив | количина | Вкупна цена без ддв | Износ на ДДВ |
| 1 | Цена по единица количина (денари/литар) на отпадни **масла** која правното лице ќе ја плати | Цена по единица тежина (денари/килограм) за пластична **амбалажа** која ЈПВ Лисиче ја плаќа на избраното лице | | | |
| 2 | | ////////////////////////// | 800 литри | | |
| 3 | //////////////// | | 12 kg пластична амабалажа | | |
| 4 | **Разлика во цената (изразена во денари)**: (2-3) | | | | |

**Напомена:**
-Затемнетите сиви полиња од табелата не се пополнуваат;
-Тежината од 12kg пластична амбалажа (пластични туби) е добиена од вкупниот број туби – 12 парчиња, чија поедничена тежина не надминува 500g.;
-Вкупната цена без ДДВ е производ на понудената цена по единица количина и количините масла и амбалажа;
-Критериум за избор на најповолна понуда ќе биде вкупната понудена цена без ДДВ (како разлика во цената во денари) од колона бр.5.

## И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот ____________________________________________ во својство на одговорно лице на правното лице ________________________________под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека располагам со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

________________________

*Изјавата ја потпишува одговорното лице на правното лице

**И З Ј А В А**

Јас долупотпишаниот ______________________________________________ во својство на одговорно лице на правното лице__________________________________________ под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за соборање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Одговорно лице

_________________________

*Изјавата ја потпишува одговорното лице на правното лице